До Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на Агенцијата за филм на РСМ доставено е Барање на мислење, во однос на следните две ситуации:

1. Дали лицата кои што ќе бидат именувани од страна на директорот може да извршува задача како финансиски советници за филмски проекти каде што тие немаат учество во реализација на проектите ниту пак имаат аплицирано на конкурс за реализација на филмски проект, но се носители на проекти по други конкурси кои ги објавува Агенцијата, а се однесуваат на реализација на филмски фестивали и манифестации (каде што се јавуваат со фирми во кои тие се управители и организатори на фестивалите)?
2. Дали лицата кои што ќе бидат именувани од страна на директорот може да извршуваат задача како финансиски советници за реализација на филмски фестивали и манифестации, каде што не се учесници во реализација на таков вид на проекти но се носители на проекти кои се однесуваат на категоријата филмови и се во фаза на реализација?

Имено во Барањето наведено е дека при изборот на советници директорот на Агенцијата треба да внимава и на член 32 од Законот за филмската дејност:
„(1) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.
(2) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања.
(3) Во случај на постоење судир на интереси се применува Законот за спречување на судир на интереси.“

Во врска со поставените прашање, Државната комисија извести дека согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.“

Согласно член 8 став 2 од истиот Закон: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Имено, Државната комисија укажа дека истата издава мислења за постоење или не постоење на судир на интереси во конкретни ситуации по поднесени барања во врска со службени лица. Финансиските советници именувани од страна на директорот на Агенцијата согласно член 24 од Законот за филмската дејност не претставуваат службени лица во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 24 од Законот за филмската дејност:

„(1) За оцена на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите по конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон, директорот на Агенцијата **од редот на истакнати филмски продуценти** именува еден или повеќе финансиски советници.
(2) Финансискиот советник се именува со мандат од една година.
(3) Финансискиот советник:
- ги анализира и проверува финансискиот и оперативниот план и буџетот доставени со проектите на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон,
- ја утврдува објективната усогласеност на финансискиот план и оперативниот план со сценариото и
- доставува предлог до Советот за износот на средства кои од Агенцијата треба да се доделат за финансирање на проектите доставени на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон.
(4) Ако финансискиот советник утврди дека постои неусогласеност на финансискиот и оперативниот план со сценариото му предлага на Советот проектот доставен на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон да го врати на доработка.“

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија не е надлежна да даде мислење во конкретниот случај, но укажува дека **член 32 од Законот за филмската дејност претставува обврзувачка правна норма** што треба да се почитува од страна на финансиските советници и другите надворешни соработници во врска со учество на конкурс на Агенцијата и учеството во реализацијата на проекти кои добиле средства од Агенцијата.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk